РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08 - 1888/1
04 -05- 2026

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 31-та седница одржана на ден 22.04.2026 година донесе:

О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-3327/1 од 19.12.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-3327/1 од 19.12.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-3327/1 од 19.12.2025 година е оформен по сопствена иницијатива за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ____________________ по престанок на функцијата градоначалник на Општина _________. Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека ____________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на престанок на функцијата градоначалник на Општина _____________, не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Поради постоење на специфични околности и изречената мерка куќен притвор, која вклучува забрана за користење на електронска комуникација, лицето ________________ е објективно оневозможено да ја исполни својата законска обврска.

Во врска со горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на колегиум одржан на ден 16.02.2026 година донесе заклучок постапката по предметот да се запре.

ДКСК констатира дека нема елементи за понатамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

Изработил: Е.П, советник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar